**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До:** [redacted]

**Предмет: Одговор на претставка во врска со прикажување вакцинација на деца на телевизиите**

**Бр.** 03-38

**Скопје** 20.05.2019 г.

Почитуван,

Во Вашата претставка доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (наш бр. 03-38 од 16.05.2019 година), реагирате на прикажувањето на вакцинацијата на деца на телевизиите „без никаква цензура". Во дописот дополнително наведувате дека „децата на малите екрани гледаат како целата игла влегува во месото" и дека „глетката е страшна и морбидна за децата, а и за возрасните". Од регулаторното тело барате да им наложи „на сите ТВ станици да го цензурираат тој дел каде што се става иглата во месото на дечињата".

Ве известуваме дека слични снимки и досега биле користени од медиумите за прилози во кои се известува за вакцинирањето и епидемијата од морбили, но ретките реакции укажуваат на тоа дека значаен дел од јавноста не ги оценува како вознемирувачки. Она што е суштинско при информирањето за актуелните теми (каква што е вакцинирањето) е известувањето да биде непристрасно и професионално. Во воопштената слика која е опишана во Вашата претставка (присутна на телевизиите), нема отстапување од професионалните стандарди за новинарско известување бидејќи снимките кои претежно се користат во прилозите служат како илустрација на темата и не се насилни.

Во врска со вашето барање Агенцијата да им наложи на телевизиите да го цензурираат делот каде се прикажува вакцинирање на децата, Ви посочуваме дека цензурата е забранета со Уставот, а Агенцијата нема надлежности да се меша во уредувачката политика на медиумите. Регулаторното тело може да реагира доколку емитуваната програма не е во согласност со барањата од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Досега, во прилозите што се однесуваат на вакцинирањето, не е констатирано прекршување.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

..............................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Тел.+ 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**